Прилог 4: Сумирани коментари и предлог амандмани на ЗЗФ

(Коментарите се подготвени од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права-ХКЧП, „Конект“, „Отворете ги прозорците“, фондацијата „Фокус“, „Еко-Мисија“ и г. Стамен Филипов)

ГЛАВА I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Време на дејствување на организацијата и олеснување

Член 7

(1) Ако со актот за основање, односно со статутот е определено времето на дејствување на организацијата, по истекот на времето за кое е основана организацијата се брише од Регистарот.
(2) Организациите со статус од јавен интерес имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон.

Предлог на ХКЧП: Потребна е промена на членот.

Образложение: *Ставот 2, покрај тоа што треба да се однесува на сите организации треба да биде дополнет и прецизиран за видот на даночните и царински олеснувања и рокот и законите во кои овие олеснувања ќе бидат регулирани.*

ГЛАВА II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Јавност и транспарентност

Член 11

(1) Работата на организацијата е јавна.
(2) Јавноста на работењето на организацијата се остварува преку транспарентно објавување на статутите и другите акти на организацијата во согласност со статутот на организацијата.

Предлог на „Еко Мисија“: Потребно е зацврстување на ова начело за организциите со статус од јавен интерес и за организациите кои што ќе вршат јавни овластувања.

Образложение: *Со оглед на тоа дека јавноста и транспарентноста е едно од од основните начела со кои треба да се карактеризира работењето на здруженијата и фондациите воопшто (споменато во член 11 од Предлог-законот за здруженија и фондации), сметаме дека таа обврска за јавност и транспарентност во работењето треба да биде на уште поголема кај здруженијата и фондациите кои ќе се здобијат со статус на здружение/фондација од ЈАВЕН ИНТЕРЕС или со статус на здружение /фондација со ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ.*

Поради ова сметаме дека здруженијата и фондациите кои ќе се здобијат со статус на здружение/фондација од ЈАВЕН ИНТЕРЕС или со статус на здружение/фондација со ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ треба, во рамките на областа на своето делување, да имаат соодветни обврски согласно

-Законот за општата управна постапка

-Законот за постапување по претставки и предлози

-Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и

-Уредбата за канцелариското и архивското работење

Напоменуваме и тоа дека оваа наша заложба е базирана на богато искуство од јавување во улога на странка, како пред државни органи, така и пред здруженија со јавни овластувања. Тоа наше искуство ни кажува дека тенденција кон бирократски однос и непочитување на странката нема само кај државните органи и институции, туку подеднакво и кај здруженијата, поради што е неопходно тие, согласно на својот статус, повластици и одговорности, да добијат и соодветни законски обврски.

Непартиско делување

Член 13

(1) Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.

(2) Како активност на политичка партија во смисла на ставот (1) на овој член се подразбираат учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

Предлог на „Отворете ги прозорците“: Ставот 3 да гласи: (3) Здружение на граѓани можат да основаат малолетни лица со навршена петнаесетгодишна возраст преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението, во согласност со закон. Да се додаде став 4: (4) Здружение на граѓани можат да основаат лица со ограничена деловна способност или лица на кои им е одземена деловната способност преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението, во согласност со закон.

Образложение: *Законскиот застапник на малолетникот може самиот да биде основач на здружение без изјава заверена на нотар. Нотарот не прави суштинска проверка на целите на здружението, добронамерноста на застапникот и сл., така што оваа постапка претставува дополнителен административен и финансиски товар за граѓаните, без суштинска заштитна улога. Затоа, истата процедура би требало да се применува и кога застапникот дава согласност за основање здружение од страна на малолетното лице што го застапува. Правото на здружување го имаат и лицата со ограничена или одземена деловна способност. Со воведувањето на овој став, ова право ќе биде регулирано на ист начин како и основањето здружение од страна на малолетниците. Исто така, овој став ќе придонесе да се промовира самозастапувањето на лицата со интелектуална попреченост или лицата со проблеми со менталното здравје (кои како категории лица најчесто се соочуваат со оваа судска мерка) кај нас, што е современ европски тренд. Дополнително, член 25 предвидува дека „застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице...“.*

Предлог на фондација „Фокус“: Организациите да добијат задолжително две лица за застапување и два потписника на трансакциски сметки, да се одреди прекин на било какви активности за време на кампања и потоа најмалку 6 месеци за овластените лица и/или потписници на сметки во организациите.

Образложение: *Сферата на партиски активности и учество повторно не е дорегулирано! Нема правна заштита за учество на избори и во изборни активности на овластени лица и/или директори, претседатели на организации, како на пример – кандидати на избори, учество во изборни штабови и сл.? Што тогаш значат употребата на средствата кои ги употребува организацијата, што значат програмските активности на самата организација? Во оваа сфера повторно ќе немаме регулатива и како и до сега никоја организација нема финансиски трансакции од ЗГФ кон ПП, но претседатели и/или директори на ЗГФ биле носители и кандидати на листи, а се реализирале и редовните активности и трошоците на организацијата!*

Иницијативи во јавниот живот

Член 14

Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење.

Предлог на ХКЧП: Потребна е промена на содржината на членот.

Образложение: *Овој член мора да биде дополнет во насока дека организациите можат АКТИВНО да учествуваат и тоа не само во градење на јавното мислење, туку и во однос*

на креирање на политиките на владата и донесувањето на законите. Треба да се дополни со задолжителна обврска за вклучување на здруженијата и фондациите при институционално одлучување на централно ниво и креирање на политиките преку користење на нивните искуства во донесувањети на одлуките.

ГЛАВА III. ЗДРУЖЕНИЈА

Основачи

Член 15

(1) Здружение можат да основаат физички и правни лица.

(2) Здружение можат да основаат најмалку пет основачи, од кои три од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија.

(3) Здружение можат да основаат и малолетни лица со навршена петнаесет годишна возраст преку заверена изјава на нотар за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението , во согласност со закон.

Предлог од ХКЧП: Став (3) да се избрише.

Образложение: *Оваа одредба е во спротивност на Конвенцијата за правата на детето каде во членот 15 е предвидено правото на детето за слобода на здружување. Со оглед на тоа дека и во член 19 е предвидено дека основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението, тие немаат дополнителни права и одговорности и нема никаква потреба од обременување на постапката доколку како основач се јавува малолетно лице.*

Предлог од Стамен Филипов: Зборовите од став (3) кои гласат: „преку заверена изјава на нотар за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението, во согласност со закон,, - треба да се бришат.

Образложение: *Согласно член 18став(1)од Законот за работните односи - Пречистен текст („Службен весник на Република Македонија„ број 16/2010), договор за вработување може да склучи лице кое наполнило 15 години возраст и има општа здравствена способност, што значи при склучувањето за договор за вработување не се бара согласност од законскиот застапник.*

Според член 147став (3)од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија,, број 18/2001, 78/2001, 4/2002, 59/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009), малолетник со наполнети четиринаесет години одговара според општите правила за одговорност за штета.

Од тие две причини, сметам дека во членот 15 став (3) од Предлогот-законот, нема потреба да постојат зборовите: „преку заверена изјава на нотар за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението, во согласност со закон.“

Акт за основање

Член 17

(1) Актот за основање на здружението содржи;

- име, седиште и адреса на здружението;

- име, адреса или седиште и единствен матичен број на граѓанинот односно единствен даночен број на основачите на здружението; и

- цели на здружението;

(2) Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изрична волја на основачите.

Предлог на фондација „Фокус“: Да се допише дека по регистрацијата кај овластен регистер – Актот за основање го менува Собранието на организацијата!

Образложение: *Актот за основање во процес на основање и регистрација може да го менуваат основачите, а потоа што со членството кое право ќе го имаат членовите!*

Статут и содржина на статутот

Член 18

(1) Здружението има статут.

(2) Со статутот на здружението се уредуваат:

- името и седиштето;
- дејностите со кои се остваруваат целите;
- начин на одлучување за зачленување, за исклучување и престанок на членувањето во здружението;
- права, обврски и одговорности на членовите;
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начин на одлучување;
- застапување по закон;
- начин на стекнување и располагање со средствата;
- начин на донесување на финансиски и други извештаи;
- начин на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начин на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- начин на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начин на донесување на планови и програми;
- постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението;
- знак и симбол на здружението; и
- други прашања утврдени со закон

(3) Со статутот на здружението можат да се уредат и:

- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и сл.), ако ги има;
- начинот на донесување на другите акти;
- судир на интереси;
- начин на разрешување на спорни прашања; и
- други прашања од значење за работата на здружението;

Предлог на Стамен Филипов: Алинејата 3 од ставот (2) треба да се усогласи со член 20 став 2 од Уставот на Република на Македонија.

Образложение: *Според наведената одредба од Уставот граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Поради тоа, сметам дека формулацијата - начин на одлучување за зачленување и за исклучување, треба да се усогласи со наведената уставна одредба, или пак во понатамошниот текст од Предлог Законот, да се предвиди одредба што се подразбира под поимот „начин на одлучување за зачленување“ и да се предвидат условите под кои еден член може да се исклучи од здружението на граѓани.*

Членување во здружение

Член 19

(1) Членувањето во здружението е доброволно.

(2) Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

(3) Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

(4) Малолетно лице со наполнети 14 години, а не наполнети 18 години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на нотар на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

(5) Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови во здружението со заверена изјава на нотар на законскиот застапник во согласност со закон.

Предлог на „Отворете ги прозорците“: Ставот 4 да гласи: (4) Малолетно лице со навршени 14 години се зачленува во здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата, во согласност со закон. Ставот 5 да гласи: (5) Лице со ограничена деловна способност или на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови на здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата, во согласност со закон.

Образложение: *Правото на зачленување треба да биде полесно остварливо. Законскиот застапник на малолетно лице или лице со ограничена или одземена деловна способност може самиот да се зачлени во организација без заверка на нотар. Нотарот не прави суштинска проверка на целите на здружението, добронамерноста на застапникот и сл., така што оваа постапка претставува дополнителен административен и финансиски товар за граѓаните, без суштинска заштитна улога. За илустрација, малолетник се зачленува во Сојуз на извидници или лице со одземена деловна способност во локален Клуб на крводарители.*

Предлог на ХКЧП: Сметаме дека ставот 3 сосема доволно ги покрива лицата кои може да бидат членови на здружението и поради тоа ставот 4 треба да се избрише.

Образложение: *Ова е уназадување на правата на децата кои врз основа на стариот Закон за здруженија на граѓани и фондации имаа право да бидат членови на здружение на граѓани без дополнителни документи или заверени изјави на нотар. Во стариот закон, чл. 21, е предвидено дека: Член на здружение на граѓани може да биде секој граѓанин државјанин на Република Македонија, кој доброволно ќе пристапи кон здружението на начин утврден со статутот.*

Застапник на здружението

Член 25

(1) Здружението има едно или повеќе лица, овластени за застапување на здружението (во понатамошниот текст: застапник), избран односно именуван на начин утврден со статутот.

(2) Со статутот се утврдува името на застапникот.

(3) Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

(4) Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.

Предлог на фондација „Фокус“:*Во овој член треба да се одреди дека здружението го застапуваат две или повеќе лица.*

Образложение: *Предлогот со цел да се обезбеди демократскиот капацитет на организацијата, а во ставот 2 треба да стои функција. Вака се подразбира како да треба да стои име на физичко лице.*

ГЛАВА IV. ФОНДАЦИИ

Раководење со фондацијата

Член 36

Со фондацијата раководи директор.

(2) Фондацијата може да има еден или повеќе директори овластени за застапување на фондацијата, избрани на начин утврден со статутот.

(3) Директор може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија.

(4) Директорот своите права, обврски и одговорности ги врши во согласност со овој закон, статутот и актите на фондацијата.

Предлог од фондација „Фокус“: Во овој член треба да се до објасни ставот 2.

Образложение: *Се поставува прашање дали директор или секој што ќе биде именуван за директор е – ќе бидат лице(а) за застапување?*

V. ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ НА СТРАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Странско лице и странски организации

Член 37

(1) Како основачи и членови на организација согласно овој закон можат да бидат и странски лица.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член ги имаат истите права и обврски како и домашните лица, освен ако со закон поинаку не е определено.

Предлог од Стамен Филипов: Формулацијата на одредбите на членот 37 став 2 треба да се усогласи согласно со член 29 од Уставот.

Образложение: *Согласно споменатата одредба од Уставот странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори. Од тие причини сметам дека членот 37 став 2 од Предлог-Законот, не би требало да гласи: „Лицата од став (1) на овој член ги имаат истите права и обврски како и домашните лица,* освен ако со закон поинаку не е определено“. *Така што овој законски став треба да гласи: „Лицата од став (1) на овој член ги имаат истите права и обврски утврдени со закон и меѓународни договори“.*

Странска организација

Член 38

(1) Странските организации можат да делуваат во Република Македонија преку подружница, канцеларија или друг организационен облик на странските организации кои имаат седиште на територијата на Република Македонија.

(2) Во Република Македонија странските организации работат во согласност со одредбите на овој закон освен ако со ратификуван меѓународен договор не е поинаку уредено.

Предлог од Стамен Филипов: Ставот (2) од треба да се усогласи согласно со член 29 од Уставот.

Образложение: *Исто како и за член 37.*

ГЛАВА VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Средства од буџетите

Член 49

(1) Организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.

(4) Органите на државната управа , општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб – страна ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.

Предлог на ХКЧП: Потребна е прекршочна одредба за овој член.

Образложение: *Одредбата од став (4) иако претставува позитивна измена, недостасува член во Прекршочните одредби со кои би се санкционирало доколку некој од органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб – страна не ги објавува (целосно или делумно) предвидените информации.*

Употреба на средствата

Член 50

(1) Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.

(2) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.

(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица освен во случаи кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата.

(4) Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на патни и дневни трошоци како и надоместок за вршење на работи во органите на организацијата во согласност со закон.

(5) Вработените имаат право на плата и надоместоци, во согласност со закон и колективен договор.

Предлог на ХКЧП: Ставот 3 треба да се избрише.

Образложение: *Предлогот е од причина што и платите на вработените се исплаќаат од средствата на организацијата. Друго е доколку организацијата има остварено добивка па истата не смее да се распредели на вработените, но со вака формулиран став истиот е во колизија со ставовите 4 и 5.*

Одговорност за штета

Член 52

(1) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на организацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

(2) Барање за надоместок на штета поднесува органот определен со статутот или највисокиот орган, ако со статутот не е определен орган.

Предлог на Стамен Филипов: Во ставот (1), наместо зборот „грубо“ треба да стои „крајно“, согласно терминот„ крајно невнимание“ кој се веќе употребува во Законот за облигационите односи.

Извештаи за работа

Член 53

(1)Организациите се должни на својата веб страна или на друг начин да ги објавуваат годишните извештаи за нивното работење.

(2)Организациите се должни да подготват годишен финансиски извештај, да го достават до надлежниот орган во согласност со закон и да го објават на својата веб локација или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.

(3) Извештаите од став (1) и став (2), организациите се должни да ги објават најдоцна до 31 март за предходната година.

Предлог на ХКЧП: Овој член треба целосно да се избрише.

Образложение: *Извештаите во секој случај се јавни и секој може по поднесено барање до Централниот регистар да ги добие истите. Затоа сметаме дека ова е само непотребно обременување на законот и организациите.*

ГЛАВА X. ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА ЗА РАБОТА

Забрана на работа на организацијата

Член 65

Се забранува работата на организацијата ако:

- нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија;
- поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- презема активности кои се спротивни на Уставот или закон; и
- се повредуваат слободите и правата на други лица.

Предлог на ХКЧП: Членовите 65 и 66 треба целосно да се избришат.

Образложение: *Постапката за забрана на работа на организациите (правните лица) е веќе целосно уредена со Законот за кривична постапка и Кривичниот Законик. Членот 96-а (од Кривичниот законик кој е во моментов во сила) ги предвидува казните кои може да се изречат на правното лице за сторено кривично дело и во склоп на казните се веќе регулирани привремена забрана за вршење на одделна дејност, трајна забрана за вршење на одделна дејност и престанок на правното лице. Уште повеќе овие казни се разработени во измените од 2009 година кои ќе стапат во сила во март 2010 година, па нема никаква потреба од дуплирање на овие законски одредби и во Законот за здруженија и фондации.*

Поведување постапка за забрана на работа на организациите

Член 66

(1) Секој може да поднесе иницијатива за забрана на работата на организациите на пред надлежниот јавен обвинител.

(2) Ако надлежниот основен јавен обвинител според седиштето на организацијата по службена должност или по поднесената иницијатива, оцени дека постојат причини за

забрана на работа на организацијата во согласност со овој закон, ќе поднесе предлог до надлежниот суд.
(3) Постапката за забрана е итна.

Предлог на ХКЧП: Членовите 65 и 66 треба целосно да се избришат.

Образложение: *Исто како и за член 65.*

ГЛАВА IX. СТАТУС НА ПРГАНИЗАЦИЈА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Поим на статус на јавен интерес

Член 73

Организациите може да се стекнат со статус од јавен интерес ако вршат дејности од јавен интерес, спроведување на програми и проекти на централно и/или локално ниво, самостојно или во соработка со органите на државната управа и органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје како и користење на финансиски средства за реализација на активностите.

Предлог на „Конект“: Потребна е промена на содржината на членот.

Образложение: *Последниот дел од членот „користење на финансиски средства за реализација на активностите“ не е доволно прецизен и не е јасно на кој начин се надоврзува на останатиот дел од членот. Се предлага да се преформулира за посоодветно толкување.*

Критериуми за јавен интерес

Член 75

Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес ако:

- е регистрирана согласно одредбите на овој закон;
- дејноста од јавен интерес е приоритетна дејност во нејзиното работење;
- работењето и дејствувањето е насочено кон поширокатa јавност и кон интересите на заедницата;
- има потребна организациска структура согласно овој закон;
- има простор за работа и кадровски капацитети;
- има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишен приход од минимум 1.500 евра во денарска противвредност според курсот на Народна банка на Република Македонија;
- има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето;
- не е во стечај или ликвидација и нема блокирана жиро сметка; и
- има платени даноци и други јавни давачки.

Предлог на „Конект“: Дел од критериумите се нејасни и обременувачки за помалите здруженија и здруженијата од рурални средини и треба да се појаснат/подобрат.

Образложение: *Критериумот „има простор за работа и кадровски капацитети“ е нејасен. Потребата од простор за работа го одредува самото здружение/фондација во зависност од буџетските и оперативните потреби и можности. На пример, доколку работата на здружението е претежно на терен, а не е врзано за канцелариска работа, истото може да одлучи да нема постојана канцеларија. Тоа секако не значи дека здружението нема соодветен простор за работа. Од друга страна, просторниот капацитет на никаков начин не влијае на делувањето на здружението со статус организација од јавен интерес. Делувањето во полза на јавниот интерес не се базира на просторот со кој располага здружението туку се базира на мисијата, програмските цели и активностите кои ги/ќе ги реализира. Нејасен е и критериумот „кадровски капацитети“ – дали во кадровски капацитети се сметаат и волонтерите (што во овој*

случај би било коректно), дали се бара соодветна наобразба и работни искуство и сл? На која база ќе се утврди дали здружението/фондацијата го исполнува овој критериум? Потребно е овој критериум или да се допрецизира или да се избрише од листата на критериуми.

Критерумот „има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишен приход од минимум 1.500 евра...“ може да биде ограничувачки за некои помали здруженија кои обавуваат важни дејности од јавен интерес. Во малите заедници (рурални средини, маала и сл.) во пракса, здруженијата голем дел од своите активности ги реализираат со директни донации во материјални средства и волонтерски ангажман, а не преку грантови во финансиски средства. Во тој случај тие сепак обавуваат важна активност од јавен интерес (поттикнување на локалниот развој и развојот во руралните средини, унапредување на добротворството и волонтерството и сл), а сепак тоа да не се рефлектира директно на жиро сметката на здружението од која се црпи податокот за годишните приходи. Овој критериум е исто така ограничувачки и за новоформираните организации со помалку од една година постоење. При доделувањето на статус организација од јавен интерес треба да се цени дејноста на здружението декларирана во статутот, мисијата и годишната програма. Понатаму, по поднесувањето на годишните извештаи ќе се утврди дали организацијата навистина делувала во насока на јавниот интерес. Доколку тоа не е случај, статусот ОЈИ ќе и биде одземен.

Предлог од Стамен Филипов: Алинеја 9 од овој член да се избрише.

Образложение: *Предлогот е од причина што во рамките на уредувањето на начинот на плаќање на данок и други јавни давачки постојат други законски механизми, во случај на неизвршување на таа обврска, како што се: Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за придонеси од задолжително и социјално осигурување и Законот за даночна постапка.*

Во таа смисла постојат повеќе одлуки на Уставниот суд на Република Македонија, во оваа прилика ги наведуваме следните две:

- У. број 132/2008 од 3 декември 2008 година, со која е укинат членот 3 алинеја 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на депонија од 2007 година, донесен од министерот за животна средина и просторно планирање, а во кој беше предвидено дека кон барањето за добивање на дозвола за оператор на депонија, се приложува Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки пропишани со закон и

- У. број 153/2008 од 11 февруари 2009 година, со која е укинат член 29 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, во која беше предвидено дека трговско друштво не можат да основаат лица кои не ги платиле даноците и придонесите кои со закон биле обврзани да ги платат.

Затоа, сметам дека наведената алинеја во членовите 75 и член 76 став 2 9види подолу) од Предлог-Законот не можат да постојат во нашиот правен поредок.

Барање

Член 76

(1) Здружението или фондацијата поднесува барање за добивање на статус на организација од јавен интерес до Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

(2)Кон барањето се поднесува и:

- решение за запишување во Регистарот;
- статут;
- програма за работа за тековната година;
- опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во статутот и активностите со кои е спроведувана;
- препорака од организации или институции со кои соработувале;
- опис на организациската структура;
- опис на просториите за работа и кадровскиот капацитет;

- изјава за судир на интереси од застапникот;
- информација за економска и финансиска состојба на организацијата,
- завршна сметка;
- потврда од банка за состојба на жиро сметка;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација; и
- уверение дека со правосилна одлука не е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност.

(3) Документите од став (2) на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар.

(4) Статусот од јавен интерес е непреносliв на организациите настанати со статусни промени.

Предлог на „Конект“: Согласно коментарите за член 75, сугерираме дека дел од документите кои се бараат да се приложат кон барањето треба да се дообјаснат (или да не бидат фактор на исклучување).
Образложение: *Со ова би им овозможило и на новите организации да аплицираат за статус на ОЈИ. Поради тоа предлагаме во став 2, алинеа 10 и 12 да се додаде „доколку здружението или фондацијата има заокружено еден фискален циклус“. Исто така предлагаме во став 2, алинеа 5, 7, 9 и 11 да имаат третман на документи кои може попрецизно да го објаснат делувањето на организацијата, но не и да се третираат како документи врз чија основа може да се одбие барањето на здружението или фондацијата.*

Предлог од Стамен Филипов: Алинеја 12 од Став (2) да се избрише.
Образложение: *Исто како и за член 75.*

Извештаи

Член 85

(1) Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување, а најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.
(2) Образецот за формата и содржината на извештаите од став (1) на овој член ги пропишува Министерот за финансии.

Предлог од ХКЧП: Потребна е промена на содржината на членот.

Образложение: *Членовите 85 и 87 предвидуваат зголемување на транспарентноста и иако сме согласни со истото, сепак мора да се запрашаме што организациите ќе добијат како бенефит за сите овие дополнителни активности*

Ревизија

Член 86

(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.
Предлог на „Конект“: Сметаме дека прагот за годишен буџет од 10.000 евра кој се предвидува за задолжителна независна финансиска ревизија е пренизок и треба да се промени.
Образложение: *Ова ќе предизвика големо оптоварување за многу здруженија. Ова особено имајќи предвид дека најголемиот дел здруженија се проектно финансирани со точно определени буџетски ставки и мал број донатори се спремни да ги покријат*

ваквите административни трошоци на здруженијата (вклучително и средствата кои се доделуваат преку фондовите на Европската унија). Затоа предлагаме прагот да се зголеми најмалку на 30.000 евра.

Предлог од ХКЧП: Потребна е промена на членот.
Образование: *Зголемената транспарентноста е позитивна придобивка, но мора да се размисли за финансискиот дел, односно кој ќе ја плати ревизијата која ќе биде направена. Здружението се финансира врз основа на проекти, но финансиите се строго наменети и не може да се пренаменуваат.*

Јавност на извештаите

Член 87

Извештаите од членовите 85 и 86 од овој закон се јавни и се објавуваат на веб страната на организацијата со статус од јавен интерес до 31 март во тековната година за предходната година.

Предлог од ХКЧП: Исто како за член 85.

Олеснувања

Член 88

Организациите со статус од јавен интерес покрај даночните и царински олеснувања утврдени во член 7 став (2)на овој закон имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон.

Предлог на ХКЧП: Потребна е промена на членот.
Образложение: *Исто како и член 7, став (2) и овој член треба да биде дополнет и прецизиран за видот на даночните и царински олеснувања и рокот и законите во кои овие олеснувања ќе бидат регулирани.*

Предлог на Стамен Филипов: Оваа одредба треба да се предвиди само во членот 88, а член 7 став (2) на овој закон да се брише.
Образложение: *Според овој член, организациите со статус од јавен интерес покрај даночните и царински олеснувања утврдени во член 7 став (2) на овој закон имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон. Од оваа формулација не е јасно на кои дополнителни даночни и царински олеснувања се мисли, покрај даночните и царински олеснувања утврдени во член 7 став (2) на овој закон. Се поставува прашањето зошто на две места се уредува иста материја.*

ГЛАВА XIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 93

(1)Глоба во износ од 300 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на застапникот ако во рокот од триесет дена утврден во член 46 од овој закон не поднесе пријава до Регистарот за запишување на промените.

(2)Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршокот од став (1) на овој член ќе се изрече и на организацијата.

Предлог на „Отворете ги прозорците“: Ставот 1 да гласи: (1) Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противредност за прекршок ќе му се изрече на застапникот ако во рокот од триесет дена утврден во член 46 од овој закон не поднесе пријава до Регистарот за запишување на промените.

Образложение: *Предвидената казна се чини превисока; глобата одредена во сегашниот член 93 од предлог-законот за застапниците се многукратно повисоки одошто за самата организација.*

Член 97

(1)Глоба во износ од 300 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес ако не поднесе наративен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон.
(2)Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе и се изрече и на организација.

Предлог на „Отворете ги прозорците“: Ставот 1 да гласи: (1) Глоба во износ од 150 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес ако не поднесе наративен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон.
Образложение: *Предвидената казна се чини превисока; глобата одредена во сегашниот член 93 од предлог-законот за застапниците се многукратно повисоки одошто за самата организација. Оставен е повисок износ затоа што во овој член станува збор за организации од јавен интерес.*

ГЛАВА XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 104

(1) Организациите се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат актите со овој закон и да извршат пререгистрација во Регистарот.
(2) За организациите кои биле запишани во Регистарот, пререгистрацијата во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се врши без плаќање на такса или друг вид на надоместок.

Предлог на фондација „Фокус“: Нема одредба за пререгистрација на фондации – дали ќе треба да докажат сега 10.000 ЕУР или само ќе има правна пререгистрација со 5.000 ЕУР што важеше до сега?

Член 105

Имотот и средствата доделени на општествените организации и здруженија на граѓани добиен на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници се државна сопственост.

Предлог од Стамен Филипов: Оваа одредба е проблематична од уставно правен аспект и истата не може да се реализира.
Образложение: *Според оваа одредба имотот и средствата доделени на општествените организации и здруженија на граѓани добиени на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници се државна сопственост.*
Пред сѐ, затоа што општествените организации и здруженија на граѓани не постојат уште од донесувањето на Уставот на Република Македонија од 1991 година. - Види и член 84 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите од 1998 година.
Потоа, во член 62 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите е утврдено дека средствата што здруженијата на граѓани и фондациите ги стекнуваат согласно со членот 61 на овој закон се нивна сопственост. Значи се работи за веќе стекнати права!
Затоа, прашање е дали дури сега, во 2010 година, може да се предвиди напред наведената законска одредба.
Според членот 124 став 4 од Законот за сопственост и други стварни права („Сл. весник на РМ„ број 18/2001, 92/2008 и 139/2009), совесниот држател на недвижна ствар, на кој друг има право на сопственост, стекнува право на сопственост на таа ствар со одржувачка по истекот на време од 20 години.
Согласно членот 66 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права, само напуштената недвижност преминува во државна сопственост.

Член 106

(1)Здруженијата на граѓани правни следбеници на општествените организации и здруженија ќе го користат имотот во државна сопственост под закуп, доколку се користи за целите и задачите на здружението на граѓани согласно со закон.
(2)Имотот од став (1) на овој член не може да биде предмет на издавање во под закуп од страна на закупецот-организацијата.
(3)Здруженијата на граѓани правни следбеници на општествените организации и здруженија формирани за хуманитарни цели ќе го користат имотот во државна сопственост под закуп без надомест, доколку тој се користи за целите и задачите на здружението на граѓани.
(4)Закупниот однос меѓу здружението на граѓани и државата се уредува со договор согласно со закон.
(5)Договорот за закуп во име на државата го склучува органот на државната управа определен со закон.

Предлог на „Отворете ги прозорците“: Да се избрише ставот (2) од членот 106.

Образложение: *Издавањето во подзакуп на државниот имот што го користат правните следбеници на општествените организации и здруженија може да се користи како извор на приходи за организациите. Оваа одредба, исто така, остава можност просторот со кои располагаат овие организации да биде недоволно искористен. Исто така, би можело да се размисли во насока на овозможување на други здруженија да склучуваат договори за закуп на државниот имот – предмет на членот 106, особено во случаите кога просторот ги надминува потребите на организацијата.*